**ООПШТЕНИЕ ЗА ПЕЧАТ**

**(Перт, 10-ти Август 2020г.)**

**ФОРМИРАНО НОВО ТЕЛО ЗА ПРОМОЦИЈА И ЗАШТИТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИНТЕРЕСИ ВО АВСТРАЛИЈА.**

Неодамна водачите на македонската заедница во Австралија го најавија формирањето на нова организација која што како дел од нејзините важни цели и намени има за цел да "*лобира,промовира, информира,потпомага и координира*" во име на сите Австралици со македонско потекло.Советот на Македонските Заедници на Австралија беше формално основан во Јуни 2020г.како резултат на успешно генерално собрание одржано преку видео конференција на кое присуствуваа бројни делегати кои ги претставуваа неговите основувачки членки, организациите на македонските заедници од секоја главна австралиска држава и територија.

Основувачките членки се некои од најстарите и богати организации на македонската заедница во Австралија. Советот (СМЗА) веќе обезбедил регистрација под соодветното законодавство за регистрација на инкорпорирани здруженија и после првиот состанок на неговиот извршен комитет одлучил неодложно да се воспостави финансиска и административна база која ќе ги има необходните средства за да се овозможи спороведувањето, на ефикасен и професионален начин, на својата суштествена мисија.

На 28-ми Јуни 2020г. беше избран осумчлено извршен одбор (ИО) кои што ќе раководи со работата на советот за време на неговата почетна фаза се до првото генерално собрание на сите организации-членки кое што се планира да се одржи во првиот квартал на 2021г. Силни напори ќе се направат пред генералното собрание за да се обезбеди проширување на членската база со влучување на значајно поголем број македонски организации низ целата земја**.** Членовите на ИО се согласија еднодушно дека во тој поглед, важно достигнување ќе биде да се прошири половната и генерациската рамка на Советот и да се пронајдат поединци со неопходниот "*талент, страст и посветеност*" кои што би можеле да придонесат за унапредување на важната работа што му претстои на Советот.

Крис Ангелков од Перт кои што беше избран за инаугуративен Претседател на СМЗА се осврна на значајните предизвици со кои што се соочува новиот Совет. *"Разумно е да се претпостави* кажа Ангелков *" дека предизвиците со кои што се соочени сите поедници, а не само Македонците, во сегашпното време се без преседан. Членовите на Советот се мошне свесни дека сите имаме обврска да соработуваме генерално на сите полиња за да се обезбеди опстанокот како целина на нашата современа цивилизација,и соодветно да можеме да продолжиме да им обеќаме светла иднина на нашите деца и внуци"* Во продолжение Ангелков кажа и истакна посебно дека Советот ќе усвои балансирани преспективи за својата улога, додавајќи дека "*ние главно ќе се фокусираме на австралискиот терен, каде што луѓе со македонско потекло веќе придонеле темелно за благосостојбата и развитокот на една од водечките мултикултурни нации во светот. Меѓутоа уште многу треба да се направи за да се справиме со проблемите кои што се заедничка грижа на австралиските Македонци., да се осигури дека нашиот важен дел од поширокото општество ќе има шанса да ги зачува,и во некои случаи, подобри своите можности да го постигне својот потенцијал во Австралија на поединечно и групно ниво, на ист начин како и сите други Австралици"* коментираше новоизбраниот Претседател.

*“Иако ќе се стави силен акцент на промовирање на целите на Советот и координирањето, Советот исто така ќе се фокусира на разработување на доследни политики во области како економијата,образованието, социјалната сигурност, културата, технологијата,и уметностите. Но ние исто така инстинктивно разбираме колку е битно за сите наши луѓе прашањето за признавање и заштита на нашиот македонски идентитет и права во рамките на оваа мултикултурна заедница.”* Понатаму Ангелков кажа дека во тој поглед “*Советот бескомпромисно ќе вложи напори за да се осигури дека работата на сите македонски заинтересирани лица и актери ќе биде подобро промовирана и организирана и посплотена. Животот на македонската заедница веќе долго време бил хендикепиран поради отсуството на вакво важно тело во споредба со искуството на многу од нашите пандани”* Тој истакна дека *“сме се изгубиле малку во последните години во оваа земја, фокусирајќи се опседнато на посебни проблеми или, од друга страна,запоставувајки ја важноста на заедничко и координирано делување низ целата земја преку нагласен фокус на продолжување на локализирани начини на работење во одделни градови и држави каде што живееме и работиме, нешто кое што воопшто не помогна да се унапреди нашето заедничко дело.”*

Меѓутоа Ангелков посочи дека Советот*“според уставот нема ниту право, ниту за цел да се воспостави како “репрезентативна асамблеја” на Македонците во Австралија. Тоа во минатото се докажа како безвреден,често скап и заморен потфат во разни моменти во минатото. Нашата мисија е сосема посуптилна, но сепак мошне убедлива и современа.”*

Претседателот на СМЗА потврди меѓутоа дека Советот, таму каде што одговара, нема да се поколебава активно да се ангажира во врска со важни настани и случувања во нашата македонска татковина, независно дали тие да се однесуваат, на пример,на длабоко загрижувачкиот и заблуден курс на политичкиот врв во Република Македонија, или секако,продолжителната,неприфатлива и неправедна положба на Македонците во другите делови на Македонија. На крајот Ангелков го заврши својот коментар со истакнувањето на следното: “*Бидете уверени дека ние ќе продолжиме да ја претставуваме колективната совест на македонското движење во овој дел на светот и нема да се поколебаваме јавно да побараме одговорност од сите лица и институции кои што не ги почитуваат основните постулати на нашето прекрасно,заедничко македонско наследство.”.*

*За повеќе информации стапете во контакт со следните лица:*

*Крис Ангелков, Претседател, Мајкл Радин, Секретар, Џош Шерман, Контактно лице за врски со медиумите, на емајл* macedoniancommunitiescouncil@gmail.com